Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 39/3
Датум: 23.02.2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 842/1 од 07.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Свети Николе, со адреса на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи против ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе и [redacted] ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе - [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 23.02.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] и ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе кон [redacted]

## Образложение

На 07.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 842/1 од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Подносителката на претставката е вработена во општинското основно училиште „Гоце Делчев“ – Свети Николе на неопределено време, а во моментот е наставничка во подрачното училиште во село Горобинци. Во 2018 година подносителката била избрана за директорка на истото училиште од страна на тогашниот градоначалник на Општина Свети Николе, со мандат од четири години.

Во претставката се тврди дека подносителката била дискриминирана од страна на надлежните во училиштето при постапката за напредување во звање наставник – ментор во основно образование, во која што учествувала. Се појаснува дека Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на својата интернет страница објавило повторен јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник - ментор со број 12 - 15845/1 од 30.12.2022година, број 18 - 822/1 од 24.01.2023 година и број 12 - 989/3 од 08.02.2023 година. Согласно постапката, од страна на министерот била формирана Комисија за проверка на исплонетоста на професионалните стандарди за звање наставниик - ментор со број 18 - 2337/1 од 23.02.2023 година. Истата Комисија изготвила Решение со број 12 - 9044/4 од 30.08.2023 година. Конкретното Решение било примено во ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе на 05.09.2023 година, заведено со архивски број

0302 - 184/7, а до подносителката [redacted] било доставено на 11.09.2023 година. Подносителката појаснува дека со Решението било одбиено нејзиното барање за наставник - ментор, бидејки со мислењето на училиштето за исполнетоста на условите за напредување во наставник - ментор таа била оценета со 9 бода, а според правилникот потребни биле 11 бода од мислење од училиштето за воопшто да се рангира кандидатот. Мислењето го дава тимот за професионален развој при училиштето за учебната 2022/2023 година, а истото го потпишува директорката. Подносителката наведува дека аплицирала на огласот, бидејќи ги исполнувала условите. Имено, таа била и пилот наставник за напредување во знање, со што дала придонес за изготвување на стандарди во однос на компетенциите на наставниците и критериумите за исполнување на звање наставник – ментор, за што добила мислење и благодарност од проектната единица и била оценета на највисоко професионално ниво. Со тој нејзин ангажман, тврди дека се дошло до сегашните критериуми кои се применуваат за напредување во наставник – ментор. За да се аплицира за наставник - ментор, подносителката појаснува дека наставникот треба да има постигнувања во повеќе подрачја, а потребни се и стекнатите дипломи, сертификати, благодарници, учество на конференции, семинари, лично постигнување во кариерниот развиој и др. Сите овие околности носат бодови, а апликантот се рангира согласно добиените бодови. Во однос на нејзиното досие, подносителката тврди дека е целосно средено, а има и електронско портфолио од 2013 година, кога аплицирала за пилот наставник за напредување во звање. Подносителката наведува дека од нејзиното вработување во 1994 година, континуирано, до денес се усовршува и го гради својот кариерен развој. Сето тоа го има евидентирано и поткрепено со потребни информации, стекнати дипломи, сертификати, благорарници и др. Таа била едукатор и обучувач на повеќе теми и истото го има наведено во поднесената апликација до МОН. Подносителката истакнува дека и покрај тоа што во текот на целата кариера се вложувала и надградувала, поради настанот што се случил сега се чувствува понижено, вознемирено и навредено. Воедно вели дека се чувствува посрамено пред себе и пред останатите што ја познаваат и го ценат нејзиното залагање. Во претставката наведува дека најпрвин работела 8 години во село Кадрифаково, потоа 16 години во село Ерџелија, каде постигнувала значајни резултати во наставата и вонаставните активности. За тоа време се градела како личност и грижела за подобрување на безбедноста и создавање добри услови за работа. Од 2018 година, со преземање како наставник на упразнето место по основ на пензионирање, била префрлена од село Ерџелија во градот. Потоа околу 4 години била директорка на училиштето. По завршување на мадатот повторно била прераспоредена во село Горобинци, подрачно училиште на ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе, како наставник во одделенска настава, без образложение. Истакнува дека за неа продолжиле понижувањата во работниот однос, а едно од тие понижувања, всушност е и повод за поднесување на оваа претставка, кое го појаснува во продолжение. На 19. 04. 2023 година околу 13 часот на подносителката ѝ се јавила директорката на уилиштето и од неа побарала да го достави нејзиното досие во училиштето, бидејки добиле извстување дека таа аплицирала за наставник - ментор. Од причина што таа веќе била на пат кон

училиштето на наставнички совет, ја прашала дали може да го достави досието по советот или наредниот ден. На тоа директорката ѝ одговорила дека не е проблем да го достави досието следниот ден, бидејќи Комисијата за професионален развој единствено требала да потврди некоја информација од досието. Слединиот ден го доставила досието до секретарот на училиштето. Подносителката истакнува дека во тој момент знаела кои наставници се во тимот за професионален развој за учебна 2022/2023 година и решила да контактира некои од нив. Потоа ја контактирала и директорката за да ѝ биде издаден документот од вреднувањето на тимот за професионален развој. Кога истото го побарала од училиштето, ја известиле дека директорката не е тука и дека немаат копија од документот, а истиот требало веднаш да се испрати до МОН. Во претставката известува дека го земала своето портфолио од училиштето, но забележала дека воопшто не било ни отворено. Поради тоа се обидела повторно да ја контактира директорката, но таа во наредните денови не била достапна. Понатаму, подносителката контактирала колешка од подрачното училиште, која ја прашала дали е завршено вреднувањето и кои биле членови во Комисијата. Таа одбегнала да ѝ одговори и била навредена поради поставеното прашање. Во тој период, подносителката сфатила дека одеднаш се сменило однесувањето на нејзините колеги и поради тоа се посомневала дека тимот за развој нема да ја оцени според заслуга. Потоа дознала дека за наставник – ментор аплицирала уште една кандидатка, која информација дополнително ја вознемирила. Добила сознанија дека другата колешка кандидатка била присутна за време на вреднувањето, а таа не била ни информирана. Во текот на постапката за напредување во звање, на нејзините часовите присуствувал советник од БРО, кој не дал ниту една забелешка за часовите. Подносителката информира дека според критериумите предвидено било за секоја коомпетенција да се достави доказ, што таа и го направила. Таа тврди дека ниту еднаш не добила никаква информација од училиштето во врска со процесот, а се сомнева дека другата кандидатка тековно ги добивала информациите. Со тоа вели дека била деградирана и понижена.

До 30.08.2023 година, подносителката немала никаква информација од Комисијата за наставник - ментор при МОН, кога преку медиуми добила информација дека министерот им ги врачил уверенијата на наставниците - ментори. Во тој момент сфатила дека таа не била избрана за наставник – ментор од училиштето, туку другата кандидатка. Во следниот период подносителката барала од директорката и надлежните во училиштето да ѝ ја врачат одлуката, но и по неколку напори не ја добила. Кога конечно добила копија од Решението издадено од МОН, дознала дека причината поради која не била унапредена во наставник – ментор е бодувањето на Комисијата за професионален развој во самото училиште. Нејасно е за подносителката како и покрај бројните успеси во кариерата, училиштето ја оценило со само 9 бода од вкупно 20. Според правилата на оваа постапка, појаснува дека кандидатите кои се оценети со помалку од 11 бодови, воопшто нема да бидат рангирани. Врз основа на тоа подносителката смета дека е оштетена, омаловажена, изманипулирана поради различниот третман на работодавачот кон вработените. Таа истакнува дека е

оштетена и во однос на издавањето на Решението од страна на училиштето, бидејќи според неа доколку самата не го побарала немало да ѝ биде врачено. Тоа според неа можело да влијае врз нејзиното право на правен лек од Решението, бидејќи како што наведува го подигнала неколку денови пред истекот на рокот за жалба. Во однос на колешката која била избрана за наставник – ментор, подносителката смета дека има малку постигнувања и помало работно искуство, помалку од 10 години. Подносителката тврди дека оваа постапка на Комисијата и директорката е нетранспарентна и неправична, воедно и механизам за да ѝ се наштети. Во продолжение на претставката се дадени примери на училишта во кои исто така имало кандидати за наставник – ментор, па подносителката го истакнува нивното постапување како пример на еднакво постапување кон вработените. Во посочените училишта кандидатите биле оценувани со ист број на бодови или со максимален број на бодови. Единствено училиштето во кое е вработена подносителката имало ваков пример на нееднакво третирање, деградирање на кандидат и оневозможување на напредок во кариерата. Постапката за унапредување во наставник – ментор се одвива на начин што секој кандидат пополнува апликација, согласно критериумите и приложува докази. Таквата апликација ја вреднува Комисијата во МОН, Комисијата во самото училиште, вреднувањето од посета на советник од БРО на часовите и вреднување на компетенциите според приложените докази. Во сите овие фази се рангира кандидатот и добива одреден број на бодови според кои се прогласува наставник – ментор во училиштето. За подносителката е нејасно како можело директорката да ѝ даде повеќе бодови на другата кандидатка и со тоа тенденциозно да ја понижи подносителката и покрај нејзините достигнувања. Од сето тоа подносителката тврди дека е дискриминирана и вознемирена, ускратени ѝ се можности кои би ги имала како наставник – ментор, како и месечен паричен надомест кој им следува на наставниците – ментори. Поради тоа смета дека е деградирана, неправично оштетена и ставена во „кошот на неуспешните" и покрај 30 годишното искуство. Во продолжение истакнува дека одговорно и совесно ги извршувала работните обврски и се залагала унапредување на училишните и обвразовни услови. Поради наведеното подносителката ѝ предлага на Комисијата да утврди дискриминација и да наложи отстранување на истата, бидејќи вознемирувањето и дискриминацијата не даваат позитивни ефекти во работата и предизвикуваат несигурност, чувство на пониженост, страв, исмејување од колегите и недоверба во училиштето како институција. Подносителката смета дека со тоа ќе се превенира нееднаков третман на останатите колеги во иднина.

Во прилог на претставката се приложени CV на подносителката [redacted] и Решение на Министерството за образование и наука со кое се одбива барањето за напредување во звање наставник – ментор на [redacted]

На 11.12.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката. Со истото побара од подносителката да ја доуреди претставката во насока што ќе ги појасни околностите

што ја сочинуваат дискриминаторската основа - политичка припадност/политичко уверување. Односно, ќе ги наведе фактите што се врзани со нејзината политичка припадност/ уверување и оние врзани со политичката припадност/уверување на посочениот дискриминатор. Воедно, на подносителката ѝ беше укажана потребата од посочување на компаратор, односно лице кое се наоѓа во споредлива ситуација, а со него посочениот дискриминатор не постапил на истиот начин, поради неговата политичката припадност/ уверување. Дополнително, подносителката беше задолжена да ја наведе нејзината адреса на живеење во поднесокот за доуредување на претставката.

На 20.12.2023 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше процесиран поднесок за доуредување на претставката од подносителката [redacted] со бр. 08 – 842/3.

Со поднесокот за доуредување на претставката, подносителката ја дополни претставката со податоци врзани за неа како подносителка и податоци за посочената дискриминаторка – [redacted] Во однос на околностите кои ја појаснуваат дискриминаторската основа политичко уверување, подносителката наведува дека е членка на политичка партија Социјалдемократски сојуз на Македонија. Во 1994 година се вработила во подрачно училиште "Даме Груев" во село Кадрифаково, во комбинирана паралелка со 4 одделенија, потоа во централното училиште „Даме Груев" село Ерџелија. Таа живее во градот Свети Николе, а работела во село како што наведува во претставката. Барала да биде префрлена во училиште во градот, бидејки во тој период се отворале нови работни места по основ на пензионирање. Тогаш се вработиле околу 20 наставници, но неа ѝ веле дека не е можно да биде префрлена, бидејки не била политички подобна, односно не е членка на ВМРО, туку на погрешна политичка партија СДСМ. Во тој период таа била единствен наставник во ООУ "Даме Груев", село Ерџелија со завршен Падагошки факултет, потоа и со завршени постдипломски студии и звање кариерен советник. Подносителката истакнува дека неколку пати барала од претходните градоначалници преместување во основните училишта во Свети Николе. Односно, во изминатиот период таа барала премесување од градоначалниците на Општина Свети Николе: [redacted] година и од [redacted] и од градоначалникот [redacted] Кога барала преместување секогаш ѝ веле*: „Ти си супер наставник, што ти фали во село, сите се фалат од тебе, многу работиш, многу проекти правиш, многу постигнувања имаш на професинален план"*. И покрај тоа подносителката истакнува дека преку 10.000 евра има дадено за превоз или транспорт од место на живеење до место на работа, бидејки до 2009 година биле обезбедувани средства од страна на училиштето, но не и во следниот период. По 24 години работа, подносителката била префрлена како наставник во училиште во градот. Најпрвин како наставник во одделенска настава, а потоа била именувана од страна на градоначалникот Сашо Велковски (кандидат на СДСМ) како директорка на училиштето со мандат од 4 години. Подносителката известува дека била и на

советничката листа на изборите во 2017 година. Во учебната 2021/2022, односно по неполна година од завршувањето на мандатот на градоначалникот Велковски, подносителката била повторно прераспоредена врз основа на политичка припадност во подрачното училиште „Гоце Делчев" во село Горобинци. На нејзиното претходно работно место бил распореден нововработен наставник.

Во однос на посочената дискриминаторка – [redacted] подносителката наведува дека таа е директорка на ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе. Посочената била именувана како директорка од страна на градоначалникот на Општина Свети Николе - Дејан Владев од редовите на политичката партија ВМРО ДМПНЕ, со мандат од 2021 до 2025 година.

Како компаратор, подносителката ја посочува [redacted] која всушност во истата постапка била избрана во звање наставник – ментор. Подносителката тврди дека таа е припадничка на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, бидејќи краток период била директорка, за време кога градоначалник на Општина Свети Николе бил Зоран Тасев од ВМРО ДПМНЕ. Подносителката потенцира дека сегашниот градоначалник Дејан Владев, исто така е од редовите на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, со мандат од 2021 до 2025 година.

Подносителката дополнително потенцира дека за наставникот - ментор има месечна надоknада за звањето и дополнително е ментор на два наставници - приправници од кои му следуваат дополнителни парични надоместоци. Таа тврди дека за да постои еднаков третман кон наставниците, би требало директорката да ѝ назначи наставник – приправник. Во однос на правните дејствија што се преземени од нејзина страна, истакнува дека има поднесено жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен преку МОН, на 19.09.2023 година, од каде нема добиено известување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.12.2023 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 842/4 до потенцијалната дискриминаторка.

На 04.01.2024 година, во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше примен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 39/1 од [redacted] Со поднесокот во целост се оспоруваат наводите изнесени од страна на подносителката и се истакнува дека не постои дискриминација по никаков основ во врска со наводите од претставката, односно не постои дискриминација врз основа на политичка припадност и посочениот настан нема никаква политичка компонента. Во однос на постапката за унапредување во звање наставник – ментор, во поднесокот се појаснува дека по распишаниот Повторен јавен повик од МОН до наставниците во основните

училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник - ментор бр. 12 - 15845/1 од 30.12.2022 година се пријавиле неколку вработени од училиштето преку електронска апликација на интернет страницата на Министерство за образование и наука. Во училиштето пристигнало барање за доставување на мислење од МОН со арх. бр. 12 - 4162/37 од 06.04.2023 година, со кое се барало пополнување на „Прилог 3", согласно Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците, односно по барање на Комисијата при МОН, училиштето во кое работи кандидатот дава мислење за секој кандидат и истиот е потребно да се достави до Министерство за образование и наука. Во поднесокот се наведува дека Комисијата за професионален развој од страна на училиштето дала Мислење, врз основа податоците со кои располагал тимот за професионален развој во училиштето, поточно врз основа на мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците. Таквото мислење единствено се потпишува од страна на директорот на училиштето. По доставеното мислење од страна на МОН било издадено Решение со арх. бр. 12 - 9041/4 од 30.08.2023 година, со кое било одбиено барањето за напредување во звање наставник – ментор на кандидатката [redacted] Врз основа на тоа, во поднесокот се тврди дека не постои нееднаков третман помеѓу вработените кандидатки за наставник – ментор, туку единствено директорот го спроведува Решението издадено од МОН за назначување на наставник во звање наставник – ментор. Поради тоа тврдат дека во случајот не постои дејствие на нееднаков третман, а особено не директно дејствие, ниту дискриминација по ниту една основа.

На 30.01.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен уште еден поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 39/2, од потенцијалната дискриминаторка преку полномошник адвокат Валерија Крстева. Со овој поднесок се дополнуваат наводите од претходниот поднесок за произнесување по наведеното во претставката.

**Работниот однос во училиштето**

Во однос на текот на работниот однос на подносителката на претставката – Билјана Мишева во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе, се наведува дека таа од 12.01.2018 година е вработена на неопределено време во училиштето. Истата, во моментот е наставничка во училиштето, во подрачно училиште во село Горобинци. Од 08.02.2018 година со Решение за избор на директор бр. 0901-135/2, [redacted] била избрана за директорка на училиштето од страна на тогашниот градоначалник на Општина Свети Николе, со мандат од четири години. Со поднесокот се истакнува дека таа во текот на нејзината кариера како наставничка покажала посветеност и успеси во работата и професионалниот развој.

Во прилог на наведеното доставени се следните докази: Договор за вработување на неопределено време заведен под број 0402 - 27 од 12.01.018 година и Решение за избор на директор со бр. 0901 - 135/2 од 08.02.2018 година.

**Барање за унапредување во звање наставник – ментор и процес на аплицирање**

Министерството за образование и наука објавило Повторен јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник - ментор. Се истакнува дека за Општина Свети Николе било предвидено да се избере еден наставник - ментор.

За потврда на тврдењето доставиле доказ: Повторен јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор, извадок од веб страница на МОН. Согласно јавниот повик, за да се поднесе барање за унапредување во наставник – ментор, потребно е наставникот да ги исполнува следните критериуми:

- најмалку седум години работно искуство како наставник;
- вработен на неопределено работно време и
- ги исполнува професионалните стандарди за наставник – ментор.

Понатаму, појаснуваат дека при електронската апликација се доставуваат и докази поврзани со работното искуство, видот на стекнатото образование, обуки, научно – стручни конференции, конгреси, симпозиуми, авторство, учество во активности за подобрување на наставата, награди, признанија и професионална пракса за стекнати компетенции.

[redacted] во рамки на утврдениот рок во Повторениот јавен повик електронски, уредно, поднела Барање - аплицирала на веб страницата на МОН, бидејќи ги исполнувала сите потребни услови, доставувајќи ги пропишаните податоци и документи. Согласно Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18 - 15334/1 од 30.12.2020 година донесен од страна на МОН пропишано е дека следењето и вреднувањето на наставниците во однос на квалитетот на работата и постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците се врши од страна на Бирото за развој на образованието и од страна на директорот на училиштето (се посочуваат член 2, 3, 4, 5 и 6 од Правилникот). По барање на Комисијата за исполнетоста на професионалните станадарди за кандидатите за наставник - ментор или наставник - советник, од страна на Бирото за развој на образованието се спроведува увид во збирката на докази за професионалната пракса, како и непосредно следење на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата и другата воспитно - образовна работа на секој поединечен кандидат. Бирото за развој на образованието, во утврдениот рок, до Комисијата за исполнетоста на професионалните станадарди за кандидатите за наставник – ментор или наставник - советник доставува оценка за исполнетоста на стандардите за секој кандидат. Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник – ментор се води на образец Прилог 1, составен дел на Правилникот. Најголемиот број на бодови добиени од Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди е 80 за звањето

наставник – ментор, односно 100 за звањето наставник - советник. Понатаму, на барање на Комисијата, училиштето во кое работи кандидатот, во утврдениот рок, до Комисијата за исполнетоста на професионалните стандарди за кандидатите за наставник - ментор или наставник - советник доставува мислење за исполнетоста на стандардите за секој кандидат. Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди за наставник - ментор се води на образец, кој е даден во Прилог 3 ие составен дел Правилникот. Од страна на училиштето се дава мислење врз основа на податоците со кои располага тимот за професионален развој во училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците. Мислењето од училиштето се потпишува од страна на директорот на училиштето.

Истото го потврдуваат со Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18 - 15334/1 од 30.12.2020 година.

Во однос на надлежностите на директорката, во поднесокот се појаснува дека согласно член 113, став 1, алинеја 19 од Законот за основното образование, директорот на основното училиште има надлежност да врши повеќе работи, од кои една од нив е да ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето. Следствено на тоа, [redacted] како овластено лице - директорка донела Одлука за формирање на тим за професионален развој на наставниците, заведена под бр. 0204 - 510/2 од 23.09.2022 година, со која бил формиран Тимот за професионален развој, составен од вкупно пет члена. Согласно член 2 од Одлуката Тимот се задолжува да овозможува континуиран професионален развој на сите наставници. Професионалниот развој започнува од проценка на потреби, утврдување на приоритети за професионален развој, планирање на професионалниот развој, имплементација и евалуација на наставиот кадар на Училиштето.

За потврда на веродостојноста на тврдењето во прилог ја доставиле Одлуката за формирање на тим за професионален развој на наставниците со бр. 0204 – 510/2 од 23.09.2022 година.

<u>**Наводи од претставката**</u>

Во поднесокот за произнесување се констатира дека подносителката го опишува пријавениот настан како одземање на правото за напредување во звање наставник – ментор во основно образование. Посочуваат на наводите на подносителката со кои тврди дека Комисијата за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звање настваник – ментор, која е формирана од министерот за образование и наука го донела Решението број 12 - 9044/4 од 30.08.2023 година, со кое МОН ја одбило електронсата пријава - Барање на [redacted] Следствено на тоа ги негираат тврдењата на подносителката дека работодавачот, односно училиштето ги третира нееднакво вработените. Се напоменува дека подносителката водена од личната нетрпеливост и фактот дека не е избрана за наставник - ментор по објавениот јавен

повик се обидува да го деградира угледот и реномето на училиштето со поднесување на претставката, и тоа во случај кога изборот на наставник – ментор го врши МОН, а не училиштето. Истакнуваат дека подносителката во претставката носи заклучоци врз основа на претпоставки, цитирајќи: *„Ниту еднаш не добив информација од училиштето, додека другиот кандидат сигурно добивал информација од училиштето. И тука бев деградирана и понижена."*

Во однос на наводите на подносителката со кои го споредува оценувањето на училиштето со оценувањето во други основни училишта, во поднесокот за произнесување се истакнува дека не постои никаква поврзаност со оценувањето и Мислењето од страна на Тимот за професионален развој при ООУ "Гоце Делчев" Свети Николе. При тоа, укажуваат на тоа дека секое оценување на секој кандидат - ментор е индивидуално, засебно за секој кандидат и во ниту еден случај не може да се поистоветува едно со друго. Ниту фактот по колку кандидати имало и колку поени добиле, апсолутно не претставува основ за поднесување на претставката, ниту пак е оправдано убедувањето на подносителката дека училиштето не ги третира своите вработени подеднакво, туку ги дискриминира, понижува и деградира.

Со поднесокот за произнесување по наводите од претставката се истакнува дека сите агрументи од истата се осврнати на професионалните достигнувања на подносителката, без при тоа да се насочени кон докажување на основаноста на дискриминацијата, за која се тврди дека е сторена од страна на училиштето, односно директорката – [redacted] Во прилог на тврдењето дека наводите од претставката се неосновани, невистинити и паушално наведени го посочуваат Записникот составен и потпишан од сите 5 членови на Тимот за професионален развој формиран при Училиштето за одржан вонреден состанок на 24.04.2023 година, на кој е донесено Мислењето на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник - ментор. Од Мислењето на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник - ментор, заведен под број 0302 - 184/3 од 24.04.2023 година, а во однос на подносителката [redacted] (Образец број 3), со поднесокот се констатира дека конкретниот Образец има три табели со различно подрачје и тоа:

1. Професионален развој и професионална соработка;
2. Комуникација и соработка со семејството и заедницата и
3. Задоволство на учениците од реализација на наставата.

Во секое од подрачјата одделно се наведени неколку критериуми за гласање и тоа:

Во однос на подрачјето под број 1 – Професионален развој и професионална соработка се земаат предвид следните критериуми:

- личниот план за професионален развој е изготвен согласно идентификационите потреби;

- континуирано унапредување на сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование и врз основа на рефлексија и самоевалуација;
- реализирање индивидуални и заеднички истражувања (пр. Акциски истражуваvња) за подобрување на наставните програми;
- развивање училишни стратегии за професионален развој;
- придонес за професионален развој на колегите;
- почитување на професионалната етика и одговорно однесување кон задолженијата и колегите;
- соработка со стручни работници, лица, установи, организации и компании во и надвор од училиштето;
- активно промовирање на колегијалните односи и соработка со колегите;
- членување во професионални здруженија на наставници и
- промовирање и практикување модели на етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница).

Во конкретното подрачје наведуваат дека подносителката била оценета со вкупно четири поени.

Во однос на подрачјето под број 2 – Комуникација и соработка со семејството и заедницата истакнуваат дека предвид се земаат следните критериуми:

- комуникација со семејствата на учениците на соодветен начин со почит и внимание;
- соработка со семејствата и членовите во заедницата во работата на училиштето и
- предлагање и реализирање нови начини и содржини за соработка со училиштето, семеството и локалната заедница.

Напоменуваат дека во ова подрачје подносителката на претставката не добила поени.

За бодување во однос на третото подрачје – Задоволство на учениците од реализација на наставата се земаат предвид следните критериуми:

- наставникот ја прави наставата интересна и разбирлива;
- наставникот верува дека секој ученик може да научни и да постигне подобри резултати;
- користи различни начини за проверка на знаењето;
- наставникот редовно следи како учениците напредуваат и ги упатува како да учат за да имаат подобри резултати;
- им овозможува на учениците да ги покажат своите знаења и ги вклучува во оценувањето;
- развива позитивно однесување на учениците кон себе си и кон другите и

- ги сослушува и почитува ставовите, мислењата и интересите на учениците

Во конкретното подрачје се потенцира дека подносителката била оценета само со пет поени.

За потврда на наведеното во прилог на поднесокот како доказ се доставени Мислењето на училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник – ментор бр. 0302 – 184/3 од 24.04.2023 година и Записникот од вонреден состанок на тимот за професионален развој со бр. 0302 – 184/4 од 24.04.2023 година.

По наводите на подносителката дека од страна на училиштето ѝ е одземено правото за напредување во звање наставник – ментор во основно образование, се произнесуваат така што тврдат дека тимот за професионален развој при училиштето не презел, ниту пак се обидел да преземе било какво дејствие со кое на подносителката би ѝ го ускратиле правото да се унапреди во звање. Имено, појаснуваат дека секој член од тимот има кредибилитет, постапува совесно, одговорно и чесно, ослободен е од притисоци, односно постапува независно и самостојно, а истовремено има право да го оцени секој кандидат за наставник – ментор, тргнувајќи од своето лично убедување и уверување, а притоа имајќи ги предвид сите професионални стандарди. Се појаснува дека при гласањето не се земаат предвид исклучиво кариерните достигнувања на секој поединечен кандидат за наставник - ментор и признанијата и наградите кои ги стекнале во текот на своето работење, туку се земаат предвид и други аспекти како: тимска работа, колегијалност, емпатија, способност за интеракција со учениците, разбирање, кооперативност и плодна соработка со родителите/старателите на учениците, како и соработка со колегиумот на ниво на училиштето. Па така во однос на поените кои подносителката ги добила од тимот за професионален развој, тврдат дека се само одраз на поголем број настани (поплаки, реакции од родители и колеги). За конкретните настани постоело сознание и пред вонредниот состанок за оценување на пријавените кандидати за наставник – ментор, па следствено на тоа тврдат дека овие настани го оправдуваат фактот што подносителката добила минимум број на поени. Оттука, во поднесокот за произнесување се заклучува дека тимот за професионален развој постапил во согласност со задолженијата кои ги има и ги земал предвид не само квалитетите на подносителката како просветен работник (за кое нешто дал соодветен број на поени), туку и релациите, тимската работа и соработката со колегите и родителите на учениците. Следствено, во делот на соработка и комуникација со семејството и заедницата, тимот за професионален развој не ја оценил позитивно, односно не дал ниту еден поен. Понатаму, се посочува на делот од приложениот Записник од одржаниот вонреден состанок, каде е констатирано дека сите присутни членови на тимот за професионален развој ги разгледале насоките за работа според Правилникот за бодување изработен од Министерството и истите пристапиле кон трнспарентно и детално разгледување на приложената документација на двете кандидатки за наставници – ментори, а потоа се пристапило кон пополнување на соодветниот Образец - Прилог 3, Мислење на училиштето за


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

исполнетоста на стандардите за наставник - ментор. Освен тоа се посочува и на фактот што тимот за професионален развој го земал предвид Записникот од училиштето во кој е наведена поплака од родител, чие дете е ученик на [redacted] за однесувањето на наставничката [redacted], како и тоа дека е земен предвид фактот што кандидатката [redacted] имала нарушени меѓучовечки односи со повеќето колеги за периодот додека е дел од колективот на училиштето. Врз основа на овие податоци, таа била оценета со девет поени во Образецот - Прилог 3, Мислење за кандидатот, кое било доставено до МОН.

По однос на наводите на подносителката врзани за дискриминаторската основа – политичко уверување, во поднесокот се наведува дека членовите на тимот за професионален развој постапиле совесно, стручно, професионално и транспарентно. Додека во однос на позицијата на директорката, која е посочена како дискриминаторка, се наведува дека таа ги испочитувала професионалните стандарди и принципи на работа, како и Правилникот. Се истакнуда дека согласно правилата таа нема никакво право и обврска да учествува во донесувањето на Мислењето, туку единствено го потврдува тоа што е утврдено од Тимот за професионален развој во Мислењето. Се тврди дека посочената како дискриминаторка така и постапила, а истото е сосема спротивно прикажано во претставката на подносителката.

За потврда на основаноста на начинот на оценување на тимот за професионален развој ја оценил кандидатката [redacted] го посочуваат и Евидентниот лист за разговор со бр. 0808 - 62/695 од 20.03.2023 година, Евидентен лист за разговор со бр. 0808 - 95/6 од 15.04.2023 година и своерачно потпишани Изјави од родители/старатели на двајца ученици кои биле во паралелка на [redacted]

Полномошникот на потенцијалната дискриминаторка потенцира дека вработената [redacted] ниту била опструирана, ниту пак ѝ биле направени некакви пречки во однос на можноста за поднесување на Барањето - поднесување на електронската апликација, ниту пак на некој начин била попречена, спречена или ограничена да го оствари своето право да аплицира за наставник - ментор. Воедно се известува дека подносителката повела управна постапка против Решението со кое ѝ е одбиено Барањето, односно ја продолжила постапката пред надлежен управен орган, која е сè уште во тек. Дополнително, известуваат дека согласно законските прописи, условите и начинот на аплицирање, истата има право да аплицира повторно, на објавен Јавен повик од страна на МОН, по три години.

Во прилог на наведеното доставиле доказ – Решение бр. 12 – 9041/4 од 30.08.2023 година на МОН.

Во продолжение на поднесокот за произнесување се потенцира дека [redacted] на образовната установа општинско основно училиште „Гоце Делчев" Свети Николе, не го спровела самостојно оценувањето на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

подносителката на претставката, односно не го составила Мислењето за исполнетоста на стандардите за наставник – ментор (Образец 3), ниту ги креирала условите и критерумите за оценување, ниту пак преземала некакви дејствија и активности со кои подносителката, во случајот кандидатка за наставник - ментор би била ставена во неповолна позиција наспроти противникот – кандидат, врз основа на нечија политичка припадност. Поради тоа наведуваат дека во случајот не постои ситуација која би можела да се подведе под членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Понатаму, се реферира членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и се посочува дека подносителката не докажала дека врз неа е сторен некаков акт, дејстие на дискриминација, ниту пак во предметната претствка доставила било каков доказ за деградирачко, понижувачко постапување и однесување, т.е. доказ за нееднаков третман во однос на другата кандидатка за наставник - ментор која се пријавила на Повторениот јавен повик. Во однос на посочениот компаратор, се наведува дека не е соодветен од причина што не постои идентична или слична ситуација помеѓу субјектите кои се споредуваат [redacted] - кандидатки за избор во звање наставник - ментор), бидејќи двете биле предмет на оценување под еднакво пропишани услови согласно Правилникот за следење и вреднување на работата на наставниците бр. 18 - 15334/1 од 30.12.2020 година, донесен од страна на МОН, и биле предмет на еднаков третман од страна на професноналниот тим при училиштето, оценувајќи ги под исти критериуми. Врз основа на сето наведено, полномошникот на потенцијалниот дискриминатор истакнува дека подносителката не го направила веројатно нејзиното позиционирање во понеповолна ситуација, поради тоа што не била избрана во звање наставник – ментор.

Поради наведеното, со поднесокот за произнесување по претставката се предлага Комисијата да донесе одлука со која се огласува за ненадлежна по конкретниот предмет или да донесе Мислење со кое не се утврдува дискриминација. При тоа се напоменува Комисијата да ги земе предвид правилата за товарот на докажување во постапките за дискриминација, стандардите за веројатност на наводите за дискриминација и претходната пракса по случаи на дискриминација.

Во прилог на поднесокот за произнесување по наводите од претставката доставено е полномошно, со кое ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе и [redacted] ја овластуваат адвокатката [redacted] да ги застапува во постапка пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителката на претставката не го направила веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителката на претставката на посочената дискриминаторка, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителката треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу**

**дискриминаторската основа**: политичко уверување/припадност **и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителката, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа. Фактот што подносителката не била избрана во звање наставник – ментор, како и фактот што истата не била оценета со доволен број на бодови за да биде рангирана, не упатуваат на нееднаков или понеповолен третман. Тоа од причина што постапката за унапредување во звање наставник – ментор по природа е компетитивна, односно уште при објавување на повторениот јавен повик од страна на Министерството за образование и наука било предвидено само еден кандидат да биде унапреден во звање наставник – ментор во Општина Свети Николе. Она што дополнително укажува дека не постои понеповолен или нееднаков третман е фактот што училишниот тим што го вршел интерното оценување, истото го спровел во унифицирана постапка, под исти услови за кандидатките и ги бодувал кандидатките според истите критериуми. Самите критериуми се поставени така што ќе овозможат бодување на повеќе одделни аспекти на кандидатот, кои земени заедно укажуваат на погодноста и компетенцијата на кандидатот за унапредување во звањето наставник – ментор. При тоа, Комисијата ги зема предвид и доказите кои беа приложени кон поднесокот за произнесување, а кои го оправдуваат бодувањето на подносителката. Дотолку повеќе што постапката е компетитивна, а самиот неизбор не значи дека некому му е даден поповолен третман, единствено поради тоа што е избран во звањето, наспроти оној кој не е избран во звањето. Во однос на наводите на подносителката дека училиштето ја опструирало со ненавремено издавање на Решението, Комисијата констатира дека таквите тврдења не се релевантни, од причина што предвидениот рок за правен лек не почнува да тече од моментот на издавање на Решението, туку од моментот на приемот на Решението од подносителката.

Во однос на субјективната одговорност на посочената како дискриминаторка - директорката на училиштето, од информациите добиени со поднесокот за произнесување произлегува дека истата нема пасивна легитимација во однос на наводите за дискриминација. [redacted] постапила согласно надлежностите кои ги има како директорка, односно не учествувала во тимот за професионален развој при постапката за оценување на кандидатките, туку единствено го потпишала Мислењето донесено од тимот за професионален развој.

Во врска со наведената дискриминаторска основа - политичко уверување/припадност, Комисијата истакнува дека сами по себе како карактирстики на одреден субјект не се доволни за да може да се извлече заклучок дека се апсолутна причина за конкретно дејствие. Поради тоа подносителката требала да докаже дека токму поради нејзиното политичко уверување или припадност на конкретна политичка партија не била избрана во звање наставник – ментор. Подносителката на претставката доставила докази кои упатуваат на нејзиното политичкото уверување/ припадност и на засегнатите во постапката, но пропуштила да ја докаже врската помеѓу

дискриминаторската основа и настанатата повреда (врската помеѓу нејзиното и политичкото уверување на засегнатите лица и неизборот во звање).

Поради горенаведеното во случајот не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] и ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе кон [redacted]

Скопје,
23.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-